# ЕЛЕКТРОНСКИ УПИС 2022-2023

Со цел оптимизирање на целокупниот процес на уписи во средните училишта во Република Северна Македонија, Министерството за образование и наука за првпат оваа година воведува нова дигитална услуга која ќе Ви овозможи електронско аплицирање.

За првото пријавување на учениците во конкурсниот рок, Порталот ќе биде отворен од 10.06.2022 година во 10.00 часот.
Учениците ќе може да ги пополнуваат своите пријави (апликации) заклучно со 15.06.2022 година најдоцна до 15.00 часот, после што системот ќе биде затворен за онлајн аплицирање од ученици.

Упатството за логирање/ најава во системот и пополнување на пријавата ќе биде поставено со линк на страната за логирање/ најава на 10.06.2022 година.

Доставувањето на потребната документација до училиштата е на 16-ти јуни од 12.00 часот до 19.00 часот и на 17-ти јуни од 07.00 часот до 19.00 часот, согласно изготвен распоред од страна на училиштето.

**Училишните комисии извршуваат обработка на пристигнатите пријави за упис од учениците на 16.06.2022 година после 12.00 часот, откако учениците ќе започнат да доставуваат документи.**

Училишните комисии се логираат на системот на линкот https://admin.mon.gov.mk/ и прават валидација на електронските пријави и доставената документација од страна на учениците.

Доколку податоците од електронските пријави не соодветствуваат со податоците од доставените документи на учениците, комисиите вршат корекција на електронските пријави според податоците од пристигнатите документи/свидетелства.

**Секоја корекција е видлива во системот, со трага на корисник и време на промена. Овој процес завршува заклучно со 18.06.2022 најдоцна до 10.00 часот.**

Конечната ранг листа (финализирана) за секое училиште со резултатите од запишувањето и слободните места ќе се објават на 18 јуни 2022 година, најдоцна до 12.00 часот на огласната табла на училиштето и на www.mon.gov.mk односно платформата за е-услуги https://e-uslugi.mon.gov.mk.

Учениците преку платформата за е-услуги https://e-uslugi.mon.gov.mk ќе имаат увид и во прелиминарните и во финалните ранг листи на училиштето каде што ја испратиле својата пријава, на соодветните датуми на објавување на истите.

Со почит,
Министерство за образование и наука